Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 42, 15 јуни 2010 година

јуни 2010 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**НАСЛОВИ** на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научен совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област меѓународна економија на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 6

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Со Одлука бр. 1702-76/3 од седницата на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ -Штип, одржана на 17.5.2010 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање ***доцент*** за наставно-научната област ***меѓународна економија*** во состав:

1. проф. д-р Ристо Фотов, претседател;
2. проф. д-р Милан Илиески, член;
3. доц. д-р Крсте Шајноски, член.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за избор на еден наставник, објавен во весниците „Дневник“ и „Лајм“ на 5.5.2010 година, по предметот Меѓународна економија се пријави кандидатката **д-р Александра Синадиновска-Шумар.**

Таа ги приложи следниве документи: кратка биографија со список на трудови, потврда за одбранета докторска дисертација и стекнување звање доктор на економски науки од областа на меѓународна економија, уверение за државјанство и други потврди/дипломи/сертификати.

Врз основа на поднесената пријава и приложените документи, Рецензентската комисија го константира следново.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Алексндра Синадиновска-Шумар** е родена на 15 март 1975 година во Битола. Основно и средно образование завршува во Битола во гимназијата „Јосип Броз Тито“.

Во 1997 година дипломира на Педагошкиот факултет во Битола.

Во 2001 година се запишува на постдипломски студии на Институтот за социјална работа и социјална политика при Филозофскиот факултет-Скопје, за коишто е добитничка на стипендија од Министерството за образование и наука за постигнатиот просек од 9,5. Постдипломските студии на наведениот Институт ги завршува до 2003 година. Во 2005 година се запишува на втори постдипломски студии на Економски факултет во Скопје, на насоката Маркетинг, на кои магистрира во 2007 година на тема „*Електронското тргување како форма на директниот маркетинг и лојалноста на потрошувачите*“.

Во 2007 година пријавува докторат на Факултетот за бизнис економија - Скопје, на тема „*Улогата на директните странски инвестиции во преструктуирањето на стопанството во Република Македонија и промовирање на државата*“, кој го одбранува на 17.12.2009 година.

Во периодот од 2000 до 2004 година работи на Факултетот за општествени науки во Скопје, како асистент по предметите: Меѓународна економија, Маркетинг истражување, Планирање и водење на маркетинг активности, Организација и менаџмент.

Моментално е вработена како доцент на Приватната високообразовна институција за бизнис администрација Еуро колеџ - Куманово (во конкурсната документација, достапна

по објавениот Конкурс за насловно звање доцент за предметот Меѓународна економија, е приложена и Одлука за избор во наставно-научно звање доцент на Приватната високо-образовна установа за бизнис студии Еуро колеџ -Куманово), каде ги предава предметите: Меѓународна економија, Стратегиско планирање и контрола, Менаџмент на човечки ресурси.

Доцент д-р Александра Синадиновска-Шумар е ангажирана и на Факултетот за бизнис економија во Скопје на предметите: Е-бизнис, Стратегии и тактики за креирање на цени и Маркетинг истражување.

Кандидатката се стекнува со сертификат од Европската агенција за реконструкција, како тренер на тренери на проектот „*Од идеја до бизнис*“ - како надворешен консултант за развој на мали и средни претпријатија; сертификат од мирониот корпус на САД за дизајнирање и водење на проекти; сертификат за кариерен советник проект реализиран од страна на УСАИД. Во моментов работи и на проектот реализиран од Германската влада за регионален рурален развој, како регионален рурален менаџер.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Научната и стручната активност на кандидатот д-р Александра Синадиновска-Шумар ги опфаќа следниве научни и стручни трудови.

***Објавени трудови:***

1. *Туризмот и заштитата на животната средина и природа во услови на глобализација*, Faculty of Turism and Hosppitality - Охрид, Turism in the terms of Globalization, Insurance in the terms of Globalization - VII International Symposium, Ohrid, 29.03.2003.
2. *Природните ресурси, одржлив развој и глобализација во туризмот* - Faculty of Turism and Hosppitality - Охрид, Turism in the terms of Globalization, Insurance in the terms of Globalization - VII International Symposium, Ohrid, 29.03.2003.
3. Магистерки труд на тема „*Промените кои настануваат во градски и селски семејства по раѓањето на дете со интелектуална попреченост*“ - 2003 година.
4. Глобализација - колумна објавена во *Битолски весник* 28.01.2004.
5. Македонија и (не) вработеноста - 25.02.2004.
6. Глобализација на светската економија, (колумна објавена во *Битолски весник* - 7.04.2004).
7. Волунтаризмот - мост на иднината (колумна објавена во *Битолски весник* - 27.05.2004).
8. Демократија на американски начин - (колумна објавена во *Битолски весник* - 12.07.2005).
9. Demographic, Economic and Social Chois in the European Countrie - XI Naucni Skup – Strukturne promene I demografska kretanja zamalja juzne Evrope – Ekonomski fakultet т -Nis- Serbian Journal of Management- June -2006.
10. Building Competitive advantage through Electronic Commerce in Macedonia - XI Naucni Skup – Strukturne promene I Demografska Kretanja zemalja Juzne Evrope - Ekonomski fakultet -Nis- Serbian Journal of Management- June -2006.
11. Магистерски труд на тема „*Електронското тргување како форма на директниот маркетинг и лојалноста на потрошувачите*”, 2007.
12. New Institutionalism, the Single Market and EU Governance - Serbian Journal of Management- June - 2007.
13. Motivation and success womens entrepreunership in SME`s in transition countries -XII Scentific Conference- Regional Development and Demographic Flows of South-East European Countries – faculty of Economic- Nis- Serbian of Journal of management-June-2007.
14. Socio-economic context of Macedonia adult learning and education – An International Journal for Theory and Practice of Management Science- Serbian Journal of Management June, 2007.
15. Managing Cultural Diversity and “New” Management- International Scientific Conference - Competitiveness in the Conditions of a Global Economic- Faculty of Economic Nis - Serbian Journal of Management - October, 2008.

16. Македонија во европскиот простор на наука, Истражување и на високо образование - ХР - списание за човечки ресурси, 2009.
17. Докторски труд на тема „*Улогата на директните странски инвестиции во преструктуирањето на стопанството во Република Македонија и промовирање на државата*", 2009.

***Евалуација на некои од трудовите наведени во списокот на објавени трудови***

**Резиме на докторската дисертација на Александра Синадиновска-Шумар на тема „Улогата на странските директни инвестиции во преструктуирањето на стопанството во Република Македонија и промовирање на државата"**

Докторската дисертација на Александра Синадиновска-Шумар со наслов „*Улогата на странските директни инвестиции во преструктуирањето на стопанството во Република Македонија и промовирање на државата*" обработува значајна, актуелна, и не многу научно третирана проблематика во државата. Дисертација ја проучува проблематиката на странските директни инвестиции во Република Македонија, со ставање посебен акцент на нивното влијание врз преструктуирањето на економијата во Република Македонија.

Оваа дисертација даде практично и теоретско проучување на појавата на странските директни инвестиции, нивното влијание врз трансформацијата на националната економија и вклучување на истите како темел за идна економска соработка. Кандидатката Александра Синадиновска-Шумар во дисертацијата опфаќа два главни аспекта: странските директни инвестици како инструмент кои во голема мера придонесле за преструктуирање на некогашната централно-планска економија во динамично-пазарен систем, и од аспект на тоа дека странските претпријатија во последните неколку години се сѐ повеќе присутни на македонското поднебје.

Д-р Александра Синадиновска-Шумар во овој труд ни ги предочува искуствата и сознанијата од транзициските европски земји, каде странските директни инвестиции не донесуваат само капитал, како насушна потреба, туку и знаење, нови технологии, управувачки know-how, овозможен е пристап на домашните производи на пазарите на развиените земји и сл. Непобитен факт, истакнува кандидатката, во овој труд е дека странските директни инвестиции во транзициските земји, во кои се вбројува и Република Македонија, главно, се сконцентрирани во оние економии (држави) кои покажале најголем и највидлив успех во реформите. Кандидатката во овој труд ни предочува дека странските директни инвестиции имаат значителна улога во преструктуирањето и трансформирањето на економијата во Република Македонија.

Несомнено е дека еден од најголемите предизвици за Македонија, нагласува кандидатката д-р Александра Синадиновска-Шумар, ќе биде таа да остане релевантна за инвестирање, во услови кога секој во светот насекаде гледа страв.

Значењето на странските директни инвестиции за Македонија се наметнува поради фактот што по сите елементи македонскиот извоз е неквалитетен (Македонија извезува повеќе фактори на производство, отколку финални производи - преку багателен извоз на трудот со лон производство). Ваквата карактеристика на македонскиот извоз треба да се промени во насока на форсирање на економија на знаење и примена на современа технологија во производството, а тоа може да се обезбеди преку стимулирање на странски директни инвестиции. И овде кандидатката преферира странски директни инвестиции, пред сѐ, на т.н. *грин филд* странски директни инвестиции со производствено-извозна ориентација, наместо едноставни аквизиции на постоечки фирми. На тој начин би се максимирале позитивните ефекти што ги носат СДИ (странски директни инвестиции), пред сѐ, во трансферот на технологија и во подобрувањето на трговскиот биланс.

Кандидатката во овој труд ни ја претставува состојбата на планот на реализацијата на странските директни инвестиции во Република Македонија, во изминатиот период, која се реализираше претежно преку аквизиции. Објаснувањата за овие аквизиции и барањата на стратегиски инвеститор, кои ги наведува кандидатката, се заради потребата од подобрување на менаџментот, зголемена продуктивност, внесување на нова технологија, нови производи и здрава конкуренција и зголемена вработеност. Досега странските директни вложувања во Република Македонија, како што забележува кандидатката, беа во

т.н. *природни монополи* (ОКТА, УСЈЕ, ТЕЛЕКОМ), заради што се поставува прашањето: дали не настана само чист трансфер на сопственост и контрола на домашни ресурси од странски капитал?

***Резиме на магистерскиот труд***

**„Електронското тргување како форма на директниот маркетинг и лојалноста на потрошувачите"**

Денес, во 21 век, живееме во информативна и дигитална ера во која условите во кои функционираат стопанските и другите субјекти се турбулентни и трпат рапидни промени. Факт е дека паралелно со сите промени што денес се случуваат на глобално ниво настануваат промени и во областа на маркетингот и начинот на неговата имплементација во домашното тргување, како и меѓународната економија.

Појавата на Интернетот, чиј предуслов е настанувањето и развојот на информативната револуција, како и сѐ поизразениот процес на глобализација и конкуренција на глобално ниво, предизвика претпријатијата, како деловни субјекти, повеќе или помалку да добијат виртуелна природа.

Магистерскиот труд овозможи откривање, анализирања, елаборирање и истакнување на можностите на Интернетот и електронското тргување како форма на директниот маркетинг, како и лојалноста на потрошувачите кон новиот вид на тргување, но и нивното влијание врз меѓународниот бизнис.

Појавата и огромната популарност на Интернетот е директно поврзана со воведувањето на електронското тргување. Всушност, Интернетот веќе го промени начинот на водење на бизнисот на многу претпријатија. Како што неговото влијание расте и сѐ повеќе претпријатија користат Интернет, можностите за воведување на електронското тргување значително се прошируваат и стануваат повеќе од рутински дел на работењето. Се смета дека тоа е и најголемата, но истовремено и најзначајната промена во светот на бизнисот, а пред сѐ во меѓународното тргување.

***Резиме на колумната***

**„Глобализација на светската економија"**

Колумната на тема „*Глобализација на светската економија*" акцептира една актуелна и особено релевантна тема, која е мошне интересна во периодот на крајот на 20 и почетокот на 21 век, од неколку причини. Секоја земја која поминува низ повеќеслојна промена -транзиција од команден економски систем во пазарен - е соочена со дилемата: Што е она што ќе го поттикне економскиот развој: целосен пазар или целосна државна регулатива и контрола? Колумната „Глобализацијата на светската економија" дава критички размислувања и одредени ставови поврзани со процесот на глобализација потенцирајќи ја улогата на странските директни инвестиции во условите на глобализација на новиот економски поредок; потенцирајќи ја предноста на странските вложувања содржана во дополнителните ресурси кои ги носат сами по себе, како што се технологијата, менаџерските знаења, а исто така и пристапот до меѓународните пазари; уште повеќе, во мера во која земјите во транзиција ги остваруваат своите реформи кон пазарната економија, реструктуирање на претпријатијата, преку странските вложувања, со кои би се постигнала макроекономска стабилност и остварување на позитивна стапка на раст, притоа зависејќи од обемот на капиталниот прилив.

Но, ова се само неколку ставови кои водени од актуелноста и сериозноста во проучувањето на процесот-глобализација се потврдува нужноста и потребата од вакво видување на моменталните случувања на глобално ниво, од една позитивна, но истовремено и негативната страна на глобализацијата.

***Резиме на трудот***

**„Македонија во европскиот простор на наука, истражување и на високо образование"**

Квалитетот на високото образование докажа дека е во центарот на воспоставувањето на просторот на европското високо образование. Од тие причини се наметнува и потребата од континуиран развој на обезбедување на квалитет на институционално, национално и на европско ниво, каде што авторката ја нагласува потребата од развој на критериуми и методологии за обезбедување на квалитет.

Истовремено, авторката истакнуваа дека конзистентноста со принципите на институционална автономија, примарните обврски за обезбедување квалитет на високото образование, лежи во секоја институција и тоа ја обезбедува основата за реална одговорност на академскиот систем во рамките на националниот квалитет.

Авторката забележува дека во повеќе земји веќе се преземени иницијативи од страна на институциите за високо образование, со цел да се повлечат академските ресурси и културните традиции и да се промовира развојот на интегрирани студиски програми и заеднички степени на прво, второ и трето ниво.

Авторката ја нагласува неизбежноста од зголемувањето на меѓународната конкурентост на Европскиот систем на високото образование, но, истовремено, става акцент на потребата од континуирано следење на патоказите на меѓународна соработка, заедно со невладините европски организации што имаат надлежност во високото образование и очекувањата од универзитетите за нивно брзо и позитивно реагирање, со цел активно да придонесат за успехот на ваквата политика.

***Резиме на трудот***

**"New institutionalism, the single market and EU governance"**

Авторката го анализира развојот на ЕУ во новото меѓународно опкружување во текот на последниве децении. Со промената во меѓународните односи, кои значително го обележуваат слабеењето на САД, а паралелно со тоа зголемениот развој на Кина и на Русија, како и процесот на понатамошна глобализација во мултиполарни рамки, пред сè, во Европската унија и нејзините земји-членки, кои се поставуват како проблем за адаптација на новонастанатите услови.

Авторката укажува на промените кои настануваат во земјите-членки на Европската унија, геостратегиските приоритети на Унијата, како и развојот на европската безбедност и економска политика, но истовремено поставувајќи ги и темелите на новиот институционализам.

Трудот е посветен на прашањата за односите помеѓу политичката моќ и влијанијата на меѓународно и глобално ниво, појавата на нови институции кои креираат своја политика, а истовремено почитување на нивната политика од другите земји.

***Резиме на трудот***

**„Природни ресурси, одржлив развој и глобализација на туризмот"**

Авторката поаѓа од основните постулати дека туризмот во сите или во некои појави облици не може да се замисли во неуреден простор и несоодветна животна средина и природа.

Современата филозофија на глобализацијата и на интернационализацијата на туризмот припаѓа кон сфаќањата дека понудата и потрошувачката може да се практикуваат само како реална, без оглед во кој облик на постоење се наоѓа реалното, вистинитото, опипливото, објективното, значи не само мисли, туку и предмет на сознанија.

Авторката, не бегајќи од главната ориентација, глобализацјата на туризмот ја претставува како животен водич во едно разбрането светско туристичко натпреварување, во кое владеат приливи и одливи во брод на човечки особини, вреднување на чистото, недопреното во современата архитектура, во кое ќе биде вткаено старото и со години втемелувано во животот и традицијата.

***Нерецензирани и необјавени трудови***

1. Key drivers of change and their impact in the business environment over to 2025.
2. Climate Change: Which business/industries will profit and which will lose from global warming? How should business respond to the issue?
3. Двигатели на глобализацијата.
4. Форми на директниот маркетинг.
5. Globalization and development: an International business strategy approach.
6. How is volatility likely to impact on countries, organizations and individuals over the next fifteen years, and are there longer term implication.
7. International Trade Theory.
8. Municipalities contribution in sustainable development as a part of the philosophy for sustainable development: humanistic paradigm of existence.
9. Основни мотивациски концепти.
10. Pollution and waste management as organizational and industry opportunities and problem in the 21$^{st}$ century.
11. *Promoting Entrepreneurship amongst Women in* Republic of Macedonia*.*
12. Scenario Planning is a toll which has proved successful for some organizations.
13. Virtual organization and the idea of virtuality.
14. Пазар на работна сила.
15. Стратегии за барање на работа.
16. Промовирање на сопствените услуги.
17. Процес на донесување одлуки.

**ПРОФЕСИОНАЛНИ АКТИВНОСТИ**

Во текот на нејзиното работење, кандидатката доцент д-р Александра Синадиновска-Шумар извршува различни работни задачи.

Имено, таа била:

– ангажирана во ФАРЕ проект преку Министерството за труд и социјална политика, како локален експерт за анализа на состојбите во центрите за социјална работа и установите за социјална грижа во Република Македонија, и развој на истите во согласност со стандардите на Европската унија;
– во 2005-2007 година била ангажирана како проект-менаџер во шведската софтверска компанија СЕАВУС, каде што се стекнува со меѓународно искуство за домашниот и странскиот пазар;
– била ангажирана на неколку проекти кои се реализирани преку Европската агенција за реконструкција, како тренер-консултатнт за развој на мали и средни претпријатија;
– во 2004 година е член на Бордот на директори на проектот „Македонија во светот” и „Скопје Метропола”;
– координатор за Куманово за European Business Competence Licence- EBCL, преку што се стекнува со лиценца за проектен лидер и обучувач;
– сертификат од Европската агенција за реконструкција, како тренер на тренери на проектот „Од идеја до бизнис“ - како надворешен консултатнт за развој на мали и средни претпријатија; сертификат од мировниот корпус на САД за дизајнирање и водење на проекти; сертификат за кариерен советник, проект реализиран од страна на УСАИД. Во моментов работи и на проектот реализиран од Германската влада за регионален рурален развој, како регионален рурален менаџер.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Вкупната актива на поени од активностите (НО+НИ+СУ+САОР) изнесува 75 поени. Врз основа на поднесената документација, според Конкурсот, Комисијата констатира дека кандидатката д-р Александра Синадиновска-Шумар ги исполнува условите според Конкурсот.

Имајќи го предвид научноистражувачкиот и стручниот опус на кандидатката д-р Александра Синадиновска-Шумар, Комисијата смета дека таа има постигнато забележителни резултати во своето научноистражувачко и работно искуство.

Комисијата констатира дека кандидатката веќе била вклучена во наставно-образовниот и научноистражувачкиот процес, со тоа се стекнала со потребното искуство, кое ја квалификува да продолжи во иднина да го унапредува овој процес на повисоко ниво.

Квалитетот на кандидатката се потврдува и преку објавените стручни трудови, а посебно нејзината научноистражувачка работа е изразена при изготвувањето и одбраната на двата магистерски труда и докторскиот труд.

Врз основа на досегашните научни и стручни потенцијали, презентирани во нејзината докторска дисертација, објавените трудови од сферата на меѓународна економија и стратешкиот менаџмент, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип **да ја избере д-р Александра Синадиновска-Шумар за наставник во насловно звање доцент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, на наставно-научната област *меѓународна економија*.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ристо Фотов - претседател, с.р.**
**Проф. д-р Милан Илиески, член, с.р.**
**Доц. д-р Крсте Шајноски, член, с.р.**

**ПРИЛОГ**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Александра Синадиновска-Шумар, насловно звање доцент, во изборниот период 2010 година, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Часови предавања на Еуро колеџ – Куманово | 12 | 1,5 | **18** |
| Часови предавања на Факултет за бизнис економија - Скопје | 10 | 1,5 | **15** |
| Научно-популарна статија (колумни) во земјава | 3 | 1 | **3** |
| Научно-популарна статија (колумни) во странство | 5 | 2 | **10** |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Одбрана на докторска десертација | 1 | 8 | **8** |
| Одбрана на магистерска работа | 2 | 4 | **8** |
| Учесник во научен проект | 1 | 3 | **3** |
| **Стручно-уметничка (СУ)** | | | **-** |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА+ОР)** | | | **-** |
| Учесник во научен проект | 2 | 5 | **10** |
| **ВКУПНО** | | | **75** |